РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5019/3
31-01-2024
г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија” број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на продолжението на 99-та седница одржано на ден 30.01.2024 година ја донесе следната

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-4509/1 од 04.05.2022 година, оформен по пријава со наводи за неправилности при користење на средства за репрезентација, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-4509/1 од 04.05.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 04.05.2022 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности при користење на средства за репрезентација и оформен е предмет број 12-4509/1 од 04.05.2022 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за прекршување на правилата за користење на средства за репрезентација и угостителски услуги од страна на Градоначалникот на Општина ---------------------------. Во пријавата се наведува дека во периодот од ноември до април 2022 година исплатени се 110.169 денари кон три угостителски објекти наведени во пријавата. Во продолжение се наведува дека потрошените средства се без намена, дел не се реализирани и без оправдани трошоци, односно поголем дел од фактурите се фиктивни. Се наведува дека ова е особено во однос на исплатените средства кон ------------------------------------ према кој субјект се исплатени 6 фактури во износ од 44.080 денари, а чиј сопственик е лице вработено во општината.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија достави барање за прибирање на податоци и информации до општината.

Од страна на општината се доставени извршените исплати кон трите посочени угостителски објекти, како и Правилник за користење на средствата за репрезентација во Општина ---------------. Видно од доставената документација станува збор за неколкукратни исплати во периодот од ноември 2021 година, до април 2022 година. Видно од јавно достапните

податоци на Електронскиот систем за јавни набавки истите се внесени во квартална евиденција во врска со член 40 став 5 од Законот за јавните набавки. Дополнително, во однос на наводите од пријавата дека едно од посочените правни лица е во сопственост на вработен во општината, ДКСК констатира дека имајќи ги предвид одредбите од член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во кои е уредена дефиницијата на „судир на интереси", и член 8 став 4 од истиот закон каде е уредено значењето на поимот „блиски лица", посочените лица не претставуваат блиски лица согласно овие одредби.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска